За потребите на проектот „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ (*финансиран од Делегација на ЕУ во рамките на програмата ИПА - Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2014*), а врз основа на Договорот за грант меѓу Делегација на ЕУ и Центарот за управување со промени (во понатамошниот текст: Договорот за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

**ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 01/2016**
**за набавка на услуги - ангажирање на**
**ЕКСПЕРТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРИРАЧНИК ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО И ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ**

1. Институтот за човекови права (ИЧП) во соработка со Центарот за управување со промени (ЦУП), во рамките на проектот „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ (*финансиран од Делегација на ЕУ во рамките на програмата ИПА - Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2014*) има потреба од ангажирање на двајца експерти кои ќе подготват Прирачник за истражувачко новинарство и пристап до информации кој ќе биде јавно објавен и ќе послужи како алатка за обука на студентите по новинарство и младите новинари во Македонија.

2. Опис на услугата:

   - Креирање на методологија за работа со цел изготвување на Прирачник за истражувачко новинарство и пристап до информации;

   - Селектирање на материјалите за добивање на конечниот текст на Прирачник за истражувачко новинарство и пристап до информации, и подготовка на нацрт верзија;

   - Креирање на конечна верзија на Прирачник за истражувачко новинарство и пристап до информации по претходно одобрување на нацртот од страна на партнерите кои го имплементираат проектот.

   Подетален опис на услугите во проектната задача ToP 01/2016 која е дел од овој повик.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во период од 15 март до 10 април 2016 година. *Институтот за човекови права во согласност предвидената временска рамка ќе го извести добавувачот на услугата за точниот датум во зависност од претходно реализираните активности кои се во рамките на овој проект.*

4. Институтот за човекови права ќе склучи договор со избраните понудувачи за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горе наведенава покана во рок од 10 дена од денот на нејзиниот добивање. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

   Квалитативната понуда треба да се состои од:
   - Кратка биографија (CV)
   - Листа на референции
   - Предлог методологија за работа со временска рамка
   - Финансиска понуда

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

| Ставка | Опис на производ/услуга | Количина (број на денови) | Единечна цена во нето износ | Вкупна цена во нето износ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Методологија за работа со цел изготвување на Прирачникот за истражувачко новинарство и пристап до информации | | | |
| 2. | Нацрт верзија на прирачникот | | | |
| 3. | Прирачник за истражувачко новинарство и пристап до информации | | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

6. Изборот на добавувачот/те ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

| **Квалитативна евалуација** | **Максимум можни бодови** |
|---|---|
| **1. Листа на референци** | **10** |
| 1 референца | 3 бодови |
| 2 референци | 5 бодови |
| Над 3 референци | 10 бодови |
| **2. Кратка биографија** | **30** |
| Образование | (мах) 13 |
| Искуство на слични задачи | (мах) 17 |
| **3. Предлог методологија за работа** | **20** |
| **Вкупно бодови** | **60** |
| **Финансиска евалуација** | **Максимум можно бодови** |
| **Вкупно бодови** | **40** |
| **Финална евалуација** | **Максимум можни бодови** |
| Вкупно бодови за квалитативна евалиација | 60 |
| Вкупно бодови за финансиска евалуација | 40 |
| **Вкупно бодови** | **100** |

7. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено на принципот – 30 % по потпишување на договорот за испорака на услуги и доставување на финална методологија за работа, 70% по целосно извршување на услугите предвидени во овој повик.

8. Набавката е делива.

9. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: maja.stojanoska@ihr.org.mk

Краен рок на доставување на понудите е до **11.03.2016 до 16:00 часот.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса maja.stojanoska@ihr.org.mk најдоцна до 08.03.2016 година до 16,00 часот, проектен координатор, проект „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена.

Институт за човекови права
Проектен координатор
Маја Стојаноска